СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

ул. Антон Попов бр. 1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

Бр. 02-1488/1
19. 11. 2018 година

Врз основа на член 35 и член 62 став 5 од Статутот на Стоматолошка комора на Македонија, а во врска со член 14 и 15 од Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер претседателот на Стоматолошката комора на Македонија донесе:

**О Д Л У К А**

**-за поднесување на барања од членови на Стоматолошка комора на Македонија-**

**Член 1**

Барањата поднесени од страна на член на Стоматолошката комора на Македонија за увид во документација од архива на Комората мора да бидат доставени до Стручната служба на Комората во писмена форма или во електронски запис.

**Член 2**

Поднесувачот од член 1 од оваа Одлука треба да да даде изјава во кое својство го поднесува барањето и да ги образложи причините за своето барање.

**Член 3**

Лицето од стручна служба е должно барањето да го проследи до Секретарот на стручната служба на Стоматолошката комора на Македонија.

**Член 4**

Секретарот на стручната служба на Стоматолошката комора на Македонија по утврдување на оправданост за доставување на одговор по однос на истото е должен да одобри во писмена форма или електронски запис. .

**Член 5**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Стоматолошка комора на Македонија
Претседател
Д-р Маријан Денковски